# ЕкспоМедиа

ERA GROUP | Скопски саем Skopje Fair

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА САЕМОТ - СОСТАВЕН ДЕЛ НА ПРИЈАВАТА - ДОГОВОРОТ

**ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА-ДОГОВОР**

1. Доставувањето на уредно пополнета пријава од правно или физичко лице до ЕкспоМедиа за учество на саемот претставува полноважен договор меѓу поднесителот и ЕкспоМедиа.

**ПРИФАЌАЊЕ НА ПРИЈАВА-ДОГОВОР**

2. ЕкспоМедиа по приемот на пријавата-договорот ја потврдува пријавата за учество на саемот.
3. По извршената распределба на просторот ЕкспоМедиа го известува изложувачот за доделената локација.
4. ЕкспоМедиа го задржува правото да додели 10% помала или поголема површина од пријавената површина, ако тоа го наложува распоредот на локациите.
5. ЕкспоМедиа го задржува правото на промена на цената на изложбениот простор во зависност од местоположбата на доделената локација.

**УРЕДУВАЊЕ И ДЕКОРАЦИЈА НА ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР**

6. Штандот технички може да го изведе ЕкспоМедиа, изложувачот во сопствена режија или трето лице за сметка на изложувачот.
7. Доколку изложувачот штандот го изведе во сопствена режија (сам), должен е да плати такса од 3€/$м^2$.
8. Изгледот на штандот го дефинира архитектот на саемот во соработка со претставник на изложувачот.
9. Изготвениот проект треба да биде заверен (печат и потпис) од двете страни најдоцна 10 дена пред почеток на манифестацијата.
10. Проектот по кој изложувачот самостојно го изведува штандот треба да биде доставен на одобрување кај овластен архитект на ЕкспоМедиа 15 дена пред почетокот на приредбата. Само со одобрувањето за влез во хала заверено од одговорниот архитект може да се започне со реализација на штандот.
11. Дополнителните измени и преправки направени во последните 3 дена пред почетокот на манифестацијата се наплатуваат со цени повисоки за 30% од цената.
12. Максималната висина на штандовите изнесува 250см, а за катна конструкција се наплатуваат дополнителни 50% од цената.
13. Максималното оптеретување на подот во Метрополис Арена и во павиљон А3 е 800 кг/$м^2$, односно 3 тони, а во 2, 3 и 4 хала 300 кг/$м^2$, односно 2 тони.
14. Уредувањето на просторот може да започне 5 дена пред почетокот на манифестацијата во редовно работно време од 8 до 16 часот, а последните три дена од 8 до 20 часот.
15. Демонтажата на штандот, подигањето на експонатите и инвентарот треба да заврши најдоцна три дена по завршување на манифестацијата.
16. Изложувачот е должен изложените експонати и неговиот инвентар да ги подигне најдоцна 3 дена по завршувањето на саемската манифестација. Во спротивно, ЕкспоМедиа ќе ги смести во своите магацински простории, за што од изложувачот ќе наплати манипулативни трошоци и лежарина според официјалниот ценовник.
17. За време на уредувањето на изложбениот простор изложувачот, односно изведувачот е должен да ги почитува прописите за П.П. заштита и заштита при работа дадени во упатството.
18. Демонстрација на машини и опрема, дегустација на прехранбени производи, како и продажба на изложените производи на штандот се дозволува само со претходна согласност на ЕкспоМедиа.
19. Изложувачот е должен изложбениот простор, штандот и инвентарот, со кои се задолжил по завршувањето на саемот да ги предаде во иста состојба во која ги примил, а настанатата штета е должен да ја надомести.
20. Изложувачот е должен да се придржува на одредбите на упатството за изложувачи на ЕкспоМедиа.

**ОДГОВОРНОСТИ**

21. Изложувачот е должен во период на монтажа и демонтажа, како и во работното време на манифестацијата да обезбеди постојано присутно одговорно лице на штандот.
22. Доколку настане штета, кражба или слично на изложените експонати во тек на работното време на саемот, во период на монтажа или демонтажа одговорноста за настанатата штета паѓа на терет на изложувачот.
23. ЕкспоМедиа ја превзема одговорноста на обезбедување на експонатите вон работното време на саемот т.е. во времето од затворањето до отворањето наредниот ден.
24. Изложувачот е должен изложените експонати да ги осигура самиот кај осигурително друштво.

**КАТАЛОГ**

25. Поднесувањето на податоците за внес на Вашата фирма во каталог треба да биде најдоцна 30 дена пред почеток на саемската манифестација. Доколку не се почитува рокот организаторот си го задржува правото да ја внесе Вашата фирма со податоци за името и дејноста и наплата од 70€.

**ОТСТАПУВАЊЕ ОД САЕМСКИОТ РЕД**

26. Двете договорени страни се согласни во случај на спор да биде надлежен Основниот суд Скопје 2 во Скопје.

**УСЛОВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ**

27. По извршеното пријавување од страна на изложувачот, ЕкспоМедиа доставува про-фактура за сите услуги кои изложувачот ги има наведено во пријавата, по официјалниот ценовник на услугите наведен во истата. Изложувачот е должен да изврши уплата во целост на износот по про-фактурата, најдоцна 30 дена пред почетокот на саемската манифестација.
   Заедно со потпишаната пријава-договор за учество на саем, изложувачот доставува и копија од тековната состојба на фирмата издадена од Централниот регистар.
28. Доколку изложувачот не го уплати во целост износот по про-фактурата во предвидениот рок, должен е да приложи гаранција за плаќањето.
29. Веднаш по примената уплата на средствата или по приемот на гаранцијата за плаќањето, ЕкспоМедиа е должен на изложувачот кој на тој начин ги подмирил своите обврски, да му издаде потврда која на изложувачот ќе му послужи при внесувањето и изнесувањето на експонатите во/од кругот на Скопски саем.
30. По завршување на саемската манифестација на изложувачот ќе му биде доставена конечна фактура во која се наведени сите користени услуги по официјалниот ценовник наведен во пријавата-договор за учество на саем. Цените се без пресметан ДДВ.
   Изложувачот е обврзан да ја плати во целост конечната фактура, во валутниот рок назначен во фактурата.
31. Доколку изложувачот не ја плати конечната фактура во предвидениот рок, ЕкспоМедиа има право да пресмета законска затезна камата за периодот по валутата за плаќање.
32. Во случај изложувачот да не плати 30 дена пред манифестацијата, ЕкспоМедиа не му ја гарантира локацијата на штандот.
33. Се исклучува можност за компензација како начин за плаќање на услугите.
34. Со потпишување на оваа пријава-договор за учество на саем, Изложувачот е согласен со условите кои се составен дел на истата, како и со начинот на плаќање наведен во пријавата-договотор.

ПОДНЕСЕНАТА ПРИЈАВА Е НЕОТПОВИКЛИВА И ОБВРЗУВАЧКА ЗА ИЗЛОЖУВАЧОТ ДОКОЛКУ НЕ ЈА ОТКАЖЕ ПО ПИСМЕН ПАТ 30 ДЕНА ПРЕД ОТВОРАЊЕ НА САЕМОТ.